Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ..... 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. СовРески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ..... 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ..... 103

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА ТРУДОВИТЕ „СКРИПТА ЗА ВЕЖБИ ПО ПРЕДМЕТОТ СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО“ И „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО ПРЕДМЕТОТ СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО“ ОД Д-Р СТРАШКО СТОЈАНОВСКИ

Ни причинува задоволство да го поздравиме објавувањето на учебните помагала „***Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото***“ и „***Практикум за вежби по предметот Социологија на правото***“, како солидно изработени трудови за практично користење во реализација на вежбите по предметот Социологија на правото.

***Информации за авторот***

Авторот на учебните помагала покажува вистинско познавање на материјата, при што е претставен како високопрофесионален и квалитетен млад истражувач во полето на *социологијата на правото* и *социологијата*, воопшто. Асс. д-р Страшко Стојановски е почитуван колега, магистер и доктор на социолошки науки, асистент во областите на социологијата на правото, политичката социологија и филозофијата на правото на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Колегата Стојановски има магистрирано на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во 2007 година. Од 2011 година се здобива и со звањето доктор на социолошки науки на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Од 2007 година Стојановски е ангажиран како помлад асистент, а од 2010 е избран и за асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Значајно е да се споменат неговите ангажмани, истражувања, семинари, конференции, трибини и работилници во областите на социологијата во земјава и во странство, а посебно треба да се истакне студискиот претстој кој Стојановски го оствари во периодот 2010-2011 година, како стипендист на Виенскиот универзитет, во Виена, Р. Австрија.

**Информации за трудот „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“**

Овој труд се однесува на подготовка на практични материјали кои би помогнале во рамките на наставата по предметот Социологија на правото, како и во насока на поефикасно реализирање на вежбите во истиот предмет. Елаборацијата на поголемиот дел од предметните содржини ќе овозможи студентите полесно да го апсолвираат предвидениот материјал, како и понатамошно развивање и ефектуализација на материјата во пракса.

Трудот опфаќа 73 страници, поделени во седум целини. Во првиот дел се опфатени прашањата поврзани со предметот на проучување на предметот Социологијата на правото, како и методите кои се користат во рамките на истиот. Притоа околу првото прашање се тргнува од општата претпоставка на проучување на социологијата, воопшто, за да се дојде до нејзината поддисциплина - социологијата на правото. Методите се поделени во рамките на општата социолошка методологија на квалитативни и квантитативни методи, од кои во првите се вклучени: набљудувањето (со и без учество), експериментот, неструктурирано и полуструктурирано интервју, проучување на случај, анализа на содржината и фокус група, додека во рамките на квантитативните методи се опфатени техниките на прибирање на податоци, како што се структурираното интервју и анкетата. Исто така се прави осврт и на посебните статистички пристапи на обработка на податоците. На крајот на овој дел се претставени посебните методолошки пристапи како: анализа, синтеза, индукција, дедукција, мерење и компарација.

Во вториот дел се претставени претходниците и основачите на социологијата, со посебен осврт на античката мисла и современата мисла на 19 век. Во рамките на античката мисла се претставени дел од творештвата и размислувањата на Платон и Аристотел и нивното влијание и идеите во однос на државата и правото. Од аспект на модерната мисла, авторот Стојановски се задржува на работата на Макс Вебер и Емил Диркем. Притоа во рамките на теоретските претпоставки на Вебер се претставени релациите во рамките на

општествениот однос, типовите на легитимна власт, неговите дефинирања на поимите *моќ*, *власт*, *легитимна присила*, како и неговото дефинирање на бирократијата како посебен општествен феномен. Во рамките на теоретските концепти на Диркем, посебно внимание е посветено на типовите на солидарност, т.е. органската и механичката солидарност.

Во третиот дел се поместени општите претпоставки за дефинирање и функционирање на општеството и државата. Притоа тука се опфатени општествените појави и правните појави како нивен составен дел, а од аспект на проучување на државата се поместени некои од основните претпоставки за настанокот на државата, како и нејзините функционални аспекти во рамките на современото општество. Значајно е да се спомене дека во овој дел исто така се претставени правните системи, како специфичен маркер на институционализацијата на општествениот живот, нивниот историски развој, како и доминантните видови на правни системи - чисти и мешани, од кои во рамките на чистите правни системи се претставени римскиот и англисаксонскиот тип и нивните основни карактеристики.

Во четвртиот дел авторот ги разработува основните карактеристики на македонскиот политичко-правен систем, при што посебен осврт се дава на функционирањето на Собранието, Владата и Претседателот на Р. Македонија, но и основните карактеристики и функционирање на Уставниот суд на Р. Македонија. Посебен акцент е ставен на процесот на носење на законите, почнувајќи од иницијативата, преку овластените предлагачи, собраниската фаза на расправа и системот на сопирачки (процедурата и посебното мнозинство), па сè до промулгацијата и стапувањето на еден законски акт во правна сила.

Петтиот дел ги опфаќа основните социјални функции на правото. Притоа се тргнува од општата претпоставка за социјалната основа на правото, а потоа авторот Стојановски посебно се задржи на секоја од функциите, како што се: функцијата на регулација, функцијата на социјална контрола, интегративната функција на правото, организационата функција на правото, како и репресивната и промоционалната функција на правото.

Во шестиот дел се обработени правото и сличните човекови творби, со посебен акцент на релациите на правото со религијата, културата и семејството. Стојановски во овој дел тргнува од општите претпоставки за појавата, историскиот развој и основните функции на религијата, културата и семејството како специфични општествени карактеристики, за да потоа се проследи нивното влијание во рамките на функционирањето на современите правни системи.

Во последниот седми дел од овој труд се претставени современите дефинирања за бирократијата и технократијата како специфични карактеристични белези на модерното општество, претставени преку дефинирањата кои ги дава Макс Вебер. На крајот авторот успешно да го претставува влијанието на глобализацијата врз современите правни системи и различни аспекти на создавање и имплементација на правните норми.

***Информации за трудот „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“***

Овој труд исто така е во функција на полесно реализирање на наставните програми и вежбите по предметот Социологија на правото и има практична задача да обезбеди прегледност и применливост на дел од предметните содржини. Трудот опфаќа 59 страници, поделени во пет целини. Во првиот дел се дадени промери на анкета, полуструктуриран прашалник, како и прикази на графикони на веќе реализирани истражувања.

Во вториот дел се претставени извадоци од делата на старогрчките антички мислители Платон и Аристотел, а исто така се понудени и извадоци од содржините создадени во 19 век од страна на Емил Диркем и Макс Вебер.

Третиот дел е составен од Законот за Собрание на РМ, како и Деловникот за работа на собранието на РМ, при што се акцептирани членовите кои се однесуваат на основните функции на Собранието на РМ, со посебен осврт на процедурата околу процесот на носење на законите.

Четвртиот дел нуди различни дефинирања за семејството, религијата и културата. Во овој дел авторот ги синтетизира различните погледи на овие општествени феномени, при што се опфатени социолошки, антрополошки и политички и правни дефинирања.

Петтиот дел се однесува на понудени дефинирања на современото општество и глобализацијатата. Значајно е да се напомене дека во овој дел се претставени конкретните релации на теоријата во рамките на определувањето на глобализацијата и релациите со постмодерната.

***Оригиналност на трудовите и проценка за придонесот врз научната мисла***

Овие два труда според начинот на изработка и содржината претставуваат трудови кои имаат за цел да служат како наставни помагала во рамките на програмата за изведување на вежбите по предметот Социологија на правото.

***Претпоставен интерес на стручната и другата јавност за која се наменети трудовите***

Како нови трудови во рамките на реализацијата на наставните содржини, тие ќе предизвикаат интерес за практичните аспекти на предметните содржини кај студентите кои ги изучуваат истите.

***Други напомени за трудовите***

Овие два труда ги разработуваат проблемите поврзани со општите релации на социологијата, како генерална наука која го проучува општеството и правото, како дел од општествениот и институционалниот контекст.

***Препорака за прифаќање како дополнителна литература***

Трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ ќе предизвикаат голем интерес кај студентите и стручната јавност, бидејќи студентите ќе имаат можност полесно да го реализираат усвојувањето на предвидената материја по предметот Социологија на правото, како и усвојување на нејзините практични апликации во текот на понатамошното студирање и професионално реализирање по завршувањето на студиите.

Затоа имаме чест позитивно да ги оцениме трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по Социологија на правото“ на д-р Страшко Стојановски и да го поздравиме нивното објавување, кое ќе побуди интерес во рамките на реализирањето на предметните содржини во рамките на предметот Социологијата на правото.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Вон. проф. д-р Јован Ананиев с.р.**
**Проф. д-р Стеван Алексоски с.р.**
**Нас. доц. д-р Иван Блажески с.р.**